Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса **nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2023, до 15.9.2022 година.** Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

Të nderuar përfaqësues të organizatave qytetare,

Ju falemnderojmë për interesin e shprehur për pjesëmarrje në Thirrjen deri te sektori civil për kontributin në përgatitjen e Programit të punës së Qeverisë së Repblikës së Maqedonisë së Veriut për vitin 2023. Formularin e plotësuar ( së bashku me bashkëngjitjet, nëse ka) dorëzoni te Njësia për bashkëpunim me organizatat joqeveritare e Sekretariatit të Përgjithshëm të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, në mënyrë elektronike në adresën nvosorabotka@gs.gov.mk **me shënim Iniciativa për PVQRMV 2023, deri më 15.9.2023.** Me dorëzimin e formularit vërtetoni se pajtoheni që iniciativa juaj të publikohet në faqen e internetit nvosorabotka@gs.gov.mk.

### Општи податоци за здружението / фондацијата

### Të dhëna të përgjithshme për shoqatën/ fondacionin

Име на здружението/фондацијата: Здружение за промовирање на електрични возила ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ Скопје / Emri i shoqatës/ fondacionit:

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 7338384 / NVAS (numri amë i subjektit juridik sipas të dhënave në Regjistrin Qendror):

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул.Партизанска 2 бр.12/12 Скопје / Selia dhe adresa ( rruga, numri, komuna):

Застапник: Оливер Велковски / Proqesverbali:

Веб страница: http://emobilnost.org/ / Faqja e internetit:

Електронска пошта (e-mail): ngoelektromobilnost@gmail.com / Posta elektronike ( e-mail):

Телефонски број за контакт: 071/395-457 / Numri i telefonit për kontakt:

Лице за контакт: Оливер Велковски / Personi për kontakt:

### Предлог- иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година

### Propozim-iniciativa për Programin vjetor të punës së Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Për vitin 2023

**Наслов на иницијативата:**
**Воведува на повластена даночна стапка при увоз на електричи возила**

**Emri ( titulli) i iniciativës:**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Намалување на загадувањето на воздухот од сообраќајот и замена на постоечкиот застарен возен парк во државата со нови возила со еколошки предзнак. Ваквата иницијатива претставува една од низата мерки кои имаат директна стимулација за граѓаните да размислуваат кон замена на своето возило на конвенционален погон со електрично.
На ваков начин ќе се допринесе кон исполнување на една од стратешките цели на Владата на Р.С.Македонија, унапредување на енергетската транзиција, инвестирање во енергетска ефикасност и зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени;

**Prioriteti strategjik:** (kontributi- lidhur me prioritetin strategjik të caktuar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Со помош на ваквата иницијатива Владата на Република Северна Македонија ќе даде допринос кон Планот за чист воздух (Приоритенти активности точка 7 Транспорт) како приоритена цел на Владата во борба против загадувањето на воздухот и емисијата на стакленички гасови каде загадувањето од сообраќајот има значајна улога. Воедно ќе се обезбеди вложување во зелена економија во рамки на државата.

**Qëllimi prioritar:** (kontributi- lidhur me qëllimin e caktuar prioritar të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut)

**НППА** (поврзаност со пристапни партнерства како и соодветна идентификација на поглавје и подрачје)

Поглавје 14 – Транспортна политика
Електричните возила како нов тренд во мобилноста е приоритет на Европската унија од аспект на намалување на загадувањето на воздухот, заштита на животната средина и борбата против климатските промени кое воедно е регулирано во голем број на

**NPAA** (lidhje me partneritetet e pranuara si dhe identifikimi adekuat i kapitullit dhe rajonit)

Директиви кон кои Р.С.Македонија како аспирант за членство во ЕУ мора да почне да се прилагодува. Директивата која недвосмилено го уредува развојот на инфраструктура на алтернативни горива во земјите членки на ЕУ е Deployment of alternative fuels infrastructure - DIRECTIVE 2014/94/EU.

Електричните возила како нов тренд во мобилноста се приоритет на Европската унија од аспект на намалување на загадувањето на воздухот, заштита на животната средина и борбата против климатските промени кое воедно е регулирано во голем број на Директиви кон кои Р.С.Македонија како аспирант за членство во ЕУ мора да почне да се прилагодува. Директивите на ЕУ кои се насочени кон употреба на алтернативени горива во транспортот (Deployment of alternative fuels infrastructure - DIRECTIVE 2014/94/EU) недвосмилено го уредуваат развојот на енергетски ефикасен транспорт и примена на електрични возила.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

**Arsyetim:** (Përshkrim i shkurtër i iniciativës: arsyet e propozimit, lënda e rregullimit nëse bëhet fjalë pë akt ligjor ose nënligjor dhe organi kompetent i administratës shtetërore)

Здружението за промоција на електрични возила Електромобилност Скопје како граѓанска организација која со своите активности делува во насока на промовирање на електричните возила поради бројните бенефиции за општеството и заштита на животната средина, бара од Владата на Р.С.Македонија да овозможи прифаќање на предлог иницијативата што ќе допринесе за поддршка на идејата да се овозможи полесен пристап на електричните и приклучните хибридни возила до граѓаните. Електричните возила како нов тренд во мобилноста се веќе реалност во Европа и светот поради што Европската Унија ги прилагодува актуелните регулативи во насока на нивна поголема примена и независност од фосилните горива и возилата со внатрешно согорување. Здружението за промовирање на електрични возила ЕЛЕКТРОМОБИЛНОСТ Скопје кое делува во насока на промовирање на електричните возила и нивните бенефиции во Република

Северна Македонија, ја поднесува оваа иницијатива до Владата на Р.С.Македонија преку Министерството за Финансии за измена на Законот за данок на додадена вредност, односно дополнување на опфатот на примената на повластената даночна стапка при увоз на електрични возила. Предлогот е повластената даночна стапка согласно Законот за данок на додадена вредност утврдена во член 30 став 1 да се дополни со точка:

*19) Електрични возила и тоа електрични автомобили, електрични камиони и комбиња, електрични автобуси, електрични мопеди, електрични велосипеди, електрични тротинети, електрични возила за инвалидизирани лица.*

На овој начин Владата на Р.Северна Македонија преку намалувањето на стапката на данокот на додадена вредност од 18% на 5% ќе овозможи субвенционирање при увозот на електрични возила со што ќе создаде можност на граѓаните за обнова на возниот парк во нашата држава кој во моментов е над 85% постар од 10 години (просечна старот од 19,1 година) и значително допринесува кон тоа загадувањето на воздухот од сообраќајот да биде втор главен причинител за загадување во нашата држава. Треба да се има во предвид дека ваквиот предлог за повластена даночна стапка од 5% при увоз на електричните возила воедно е една од мерките предложени и од страна на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) преку „Студијата за транспорт, анализа на политики и мерки" презентирана во јануари 2018 година, во која што студија намалувањето на данокот на додадена вредност се предлага да биде една од мерките за дополнителна стимулација на граѓаните и стопанството во процесот на замена на застарениот возен парк.

**Очекувани влијанија:** (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

**Ndikimet e pritshme:** (Cilat janë ndikimet e pritshme nga propozim-iniciativa)

Прифаќањето на ваквата иницијатива од страна на Владата на Р.С.Македонија ќе даде дополнителен придонес во стимулирање на населението за замена на традиционалните возила со возила базирани на „зелени" технологии што ќе значи сериозен чекор кон промоција на електромобилноста во Северна Македонија и испраќање на јасна порака од

страна на Владата за поддршка на Директивите, Европскиот зелен договор (European Green Deal) и напорите на Европската Унија кон намалувањето на загадувањето на воздухот и бучавата од сообраќајот и заштита на животната средина.

Прифаќањето на оваа иницијатива ќе значи можност за поголема продажба на електричните возила што пак значи промена на структурата на актуелниот возен парк во државата кој во овој момент е со просечна старост од 19,1 година од кои над 60% се на погон на дизел горива и низок ЕУРО стандард.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Воведува на повластена даночна стапка (од 18% на 5%) за електричните возила би имала одредени финансиски импликации во рамки на буџетот на Р.С.Македонија но ваквата мерка би можела да се предвиди да биде со ограничено времетраење, пример додека бројот на електрични возила не достигне најмалку 10% од вкупниот возен парк во државата, а потоа дополнително би се разгледувал ефектот на ваквата бенефиција.

**Implikime financiare:** (A shkakton propozim-iniciativa implikime financiare? Nëse ka, a janë të siguruara mjetet e nevojshme dhe nga cilat burime?)

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

**Bashkëngjitje** (me shënimin e autorit të dokumentit):

Потпис на застапникот

15.09.2022 година ------------------------------

М.П.

Nënshkrimi i përfaqësuesit

------ 2022 ------------------------------

V.V